Република Македонија

# ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 14**

**17.11.2017**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2017 до 30.09.2017 година III квартал**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2017 до 30.09.2017 година III квартал донесен на третата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 14.11.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-879/1 Општина Демир Хисар**
**17.11.2017година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

26. Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/ и член 43 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 14.11.2017 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2017 до 30.09.2017 година III квартал**

1.СЕ УСВОЈУВА Кварталниот извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2017 до 30.09.2017 година III квартал.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17- 853/2 Совет на општина Демир Хисар
14.11.2017 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на План за развојни програми на Општина Демир Хисар за 2018 година**

1.Го објавувам Планот за равојни програми на Општина Демир Хисар за 2018 година донесен на третата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 14.11.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-879/3 Општина Демир Хисар**
**17.11.2017година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

27. Врз основа на член 21-б од Законот за буџетите („Сл. весник на РМ“ бр.4/2008), а согласно член 43, став 1, точка 20 од Статутот на Општина Демир Хисар (“Службен гласник на Општина Демир Хисар” бр. 3/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата која се одржа на ден 14.11.2017 година, донесе

***ПЛАН ЗА РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ***
***На Општина Демир Хисар за 2018 година***

Согледувајќи ги потребите на граѓаните, а поаѓајќи од целта за подобрување

на квалитетот на животот на територијата на Општина Демир Хисар, ценејќи ги општите текови и особено потребата од развој во натамошниот период во областите од економскиот развој и комуналното уредување, Општина Демир Хисар особено ќе развива планови и програми и тоа:

**1. Развојна програма-**
**Линиска инфраструктурна градба**
"Реконструкција на улица во с.Света, Демир Хисар"

Со оваа развојна програма предвидено е да се изврши реконструкција на улици во с.Света, Демир Хисар.

Реконструкцијата на улиците ќе се реализира согласно изработената и ревидирана техничка документација-основен проект во 2016 година.

Согласно основниот проект вкупната должина на улиците е 1.268,04 $м^1$, а проектната вредност на работите изнесува 5.707.612,05 денари без ДДВ 18%. Со реализација на развојната програма ќе се придонесе кон подобрување на условите за живеење во с.Света.

Оваа развојна програма се однесува за 2018 година. Со реконструкцијата ќе се започне во август 2018 година.

Не постои ризик за реализација на проектот. Улицата поминува низ земјиште кое е во сопственост на Република Македонија. За основниот проект во постапка е издавање на одобрение за градење.

Датум на завршување на проектот е октомври 2018 година.

Се планира вкупната вредност на оваа развојна програма да изнесува 6.734.982,21 денари со ДДВ 18%.

За реализација на оваа развојна програма ќе се користат средства од изворните приходи на Буџетот на Општина Демир Хисар и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Овај план за развојни програми влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Хисар".

**2. Развојна програма**

**Линиска инфраструктурна градба**
"Изградба на фекална канализациона мрежа за отпадни води с.Белче, Демир Хисар"

Со оваа развојна програма предвидено е да се изгради фекална канализациона мрежа за отпадни води с.Белче, Демир Хисар.

Изградбата на фекалната канализациона мрежа за отпадни води ќе се реализира согласно изработената и ревидирана техничка документација-основен проект во 2016 година.

Согласно основниот проект вкупната должина на фекалната канализациона мрежа за отпадни води е 2.440,00 $м^1$, а проектната вредност на работите изнесува 7.451.114,00 денари без ДДВ 18%. Со реализација на развојната програма ќе се подобри здравјето на граѓаните, општото здравје на речниот екосистем и подобрување на условите за живеење во с.Белче.

Оваа развојна програма се однесува за 2018 и 2019 година. Со изградбата ќе се започне во август 2018 година.

Постои ризик за реализација на проектот во делот на навремено решавање на имотно-правните работи. За основниот проект не е издадено одобрение за градење.

Датум на завршување на проектот е ноември 2019 година.

Се планира вкупната вредност на оваа развојна програма да изнесува 8.792.314,52 денари со ДДВ 18%. Реализација на оваа развојна програма, ќе се извршува фазно во наредните две години, односно до 2019 година.

За реализација на оваа развојна програма за 2018 година се предвидени средства во износ од 4.000.000,00 денари, а 4.792.314,52 денари се планираат во 2019 година.

За реализација на оваа развојна програма покрај планираните средства од изворните приходи на Буџетот на Општина Демир Хисар, ќе се користат средства од Буџетот на Република Македонија преку соодветните програми од Фонд за водите на Република Македонија.

Овај план за развојни програми влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

Бр.17- 853/4 Совет на општина Демир Хисар
14.11.2017 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на Решението за именување на Претседател и 6 членови на Советот за заштита на потрошувачите**

1.Го објавувам Решението за именување на Претседател и 6 членови на Советот за заштита на потрошувачите донесено на третата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 14.11.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-879/4 Општина Демир Хисар**
**17.11.2017година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

28. Врз основа на член 82 од Статутот на општина Демир Хисар "Службен гласник на општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 14.11.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на Претседател и 6 членови на Советот за заштита на потрошувачите**

1.Со ова Решение се именува Советот за заштита на потрошувачите на општина Демир Хисар се именуваат Претседател и 6 членови од кои 3 члена се од редот на правни лица и 4 члена од редот на физички лица.

2.За Претседател на Советот на потрошувачите се именува

**Милчо Ристевски од Демир Хисар од редот на правни лица**

За членови се именуваат:

1. **Александар Лозановски од Сопотница од редот на физички лица**
2. **Даниела Давидевска од с.Кутретино од редот на физички лица**
3. **Кире Момировски од Демир Хисар од редот на физички лица**
4. **Билјана Јошевска од Демир Хисар од редот на физички лица**
5. **Здравко Стевановски од Демир Хисар од редот на правни лица**
6. **Трајан Цветановски од с.Единаковци од редот на правни лица**

2. Со донесувањето на ова решение престанува да важи решението бр. 07-349/16 од 15.05.2013г. донесено од Советот на Општина Демир Хисар

3.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во *Службен гласник на општина Демир Хисар.*

По еден примерок од Решението да се достави до архивата и именуваните.

Бр.17- 853/5 Совет на општина Демир Хисар
14.11.2017 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на Одлуката за формирање на Комисија за еднакви можности на жените и мажите**

1.Ја објавувам Одлуката за формирање на Комисија за еднакви можности на жените и мажите донесена на третата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 14.11.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-879/5 Општина Демир Хисар**
**17.11.2017година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

29.Врз основа на член 14 став 5 од Законот за еднакви можности на жените и мажите (“Службен весник на РМ бр.6/12; 166/14 и 150/15 година“) и член 55-д од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар бр. бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 14.11.2017 година донесе

**О Д Л У К А**
**за формирање на Комисија за еднакви можности на жените и мажите**

Член 1

Со ова Одлука се формира Комисија за еднакви можности на жените и мажите од 3 членови и тоа:

-за Претседател
**Билјана Крстевска од с.Белче**
а негов заменик
**Ивана Димчевска од с.Слепче**

-за член
**Лепа Крстевска од Демир Хисар**
а негов заменик
**Христина Стојковска од с.Загориче**

-за член
**Антониот Павловски од с.Слепче**
а негов заменик
**Мери Николовска од с.Белче**

Член 2

Комисијата има задача да се грижи и создава услови за обезбедување на еднаков третман во остварување на правата и слободите на жените и мажите, промовирање и унапредување на еднакви можности во посебните области на опшествениот живот.

Член 3

Мандатот на членовите на комисијата трае колку и мандатот на Советот.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила 8 ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар.

Бр.17- 853/6 Совет на општина Демир Хисар
14.11.2017 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на Одлуката за разрешување на членовите на Советот на млади на општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за разрешување на членовите на Советот на млади на општина Демир Хисар донесена на третата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 14.11.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-879/6 Општина Демир Хисар**
**17.11.2017година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

30.Врз основа на член 82-г од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14) Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 14.11.2017 година донесе

**О Д Л У К А**
**за разрешување на членовите на Советот на млади на општина Демир Хисар**

Член 1

Со оваа Одлука се разрешуваат членовите на Совет на млади на Општина Демир Хисар во состав

За Претседател
Бенито Петрески –студент на Правен факултет

За членови
Антонио Сукловски – средно училиште IV година
Дејан Маљушовски- студент на висока медицинска школа
Николина Јовановска- доктор
Марија Пауновска- средно училиште IV година

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

Бр.17- 853/7 Совет на општина Демир Хисар
14.11.2017 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на Одлуката за формирање на Совет на млади на општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за формирање на Совет на млади на општина Демир Хисар донесена на третата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 14.11.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-879/7 Општина Демир Хисар**
**17.11.2017година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

31.Врз основа на член 82-б од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14) Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 14.11.2017 година донесе

**О Д Л У К А**
**за формирање на Совет на млади на општина Демир Хисар**

Член 1

Со оваа Одлука се формира Совет на млади на Општина Демир Хисар во состав

За Претседател
Милко Кочовски од Демир Хисар дипломиран оперативен менаџер
За членови
Игор Стојковски од Демир Хисар економски факулет
Павлина Стојановска од Демир Хисар студент
Иван Кочовски од Демир Хисар студент
Ивана Стевановска од Демир Хисар студент

Член 2

Членовите во Советот на млади можат да бидат избрани само лица кои се жители на Општина Демир Хисар.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

Бр.17- 853/8 Совет на општина Демир Хисар
14.11.2017 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на Решение за разрешување на двајца членови во Управниот Одбор на ЈЗУ"Здравствен дом" Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за разрешување на двајца членови во Управниот одбор на ЈЗУ „Здравствен дом" Демир Хисар донесено на третата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 14.11.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-879/8 Општина Демир Хисар**
**17.11.2017година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

32. Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа /"Службен весник на РМ" бр.5/02/ и член 43 од Статутот на општина Демир Хисар /"Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14/, Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 14.11.2017 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување на двајца членови во Управниот Одбор на ЈЗУ"Здравствен дом" Демир Хисар**

1. Се разрешуваат членовите на Управен одбор во ЈЗУ "Здравствен дом " Демир Хисар

**1. Весна Станковска-Висока медицинска школа вработена во ЈЗУ „Психијатриска болница" Демир Хисар**

**2. Александар Чорбевски-економски факултет вработен во СОУ „Крсте П. Мисирков" Демир Хисар**

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен гласник на општина Демир Хисар.*

По еден примерок да се достави до архивата на општината и до именуваните.

Бр.17- 853/9 Совет на општина Демир Хисар
14.11.2017 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на Решение за именување на двајца членови воУправниот одбор на ЈЗУ"Здравствен дом" Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за именување на двајца членови во Управниот одбор на ЈЗУ „Здравствен дом" Демир Хисар донесено на третата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 14.11.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-879/9 Општина Демир Хисар**
**17.11.2017година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

33.Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа /"Службен весник на РМ" бр.5/02/ и член 43 од Статутот на општина Демир Хисар /"Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14/, Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 14.11.2017 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на двајца членови во Управниот Одбор на ЈЗУ"Здравствен дом" Демир Хисар**

1. За членови на Управен одбор во ЈЗУ "Здравствен дом " Демир Хисар се именуваат:

**1. Д-р Драган Јовановски од с.Суводол**

**2. Ивона Матевска правен факултет од Демир Хисар**

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен гласник на општина Демир Хисар.*

По еден примерок да се достави до архивата на општината, ЈЗУ „Здравствен дом" Демир Хисар и именуваните.

Бр.17- 853/10 Совет на општина Демир Хисар
14.11.2017 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на Решение за разрешување на член од локаната самоуправа во ОУ на ЈУ „Центар за социјални работи" Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за разрешување на член во Управниот одбор на ЈУ „Центар за социјални работи" Демир Хисар донесено на третата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 14.11.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-879/10 Општина Демир Хисар**
**17.11.2017година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

34.Врз основа на член 43 став 1 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14) Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 14.11.2017 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување на член од локаната самоуправа во ЈУ „Центар за социјални работи" Демир Хисар**

1.Со ова решение се разрешува Рубин Митевски од член во Управен одбор во ЈУ Центар за социјални работи Демир Хисар предложен од локаланта самоуправа

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето и истото ќе биде објавено во *Службен гласник на општина Демир Хисар.*

По еден примерок да се достави до архивата на општината ЈУ "Центар за социјални работи" Демир Хисар и именуваниот.

Бр.17- 853/11 Совет на општина Демир Хисар
14.11.2017 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на Решение за именување на член одлоканата самоуправа во ОУ на ЈУ „Центар за социјални работи" Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за именување на член во Управниот одбор на ЈУ „Центар за социјални работи" Демир Хисар донесено на третата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 14.11.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-879/11 Општина Демир Хисар**
**17.11.2017година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

35.Врз основа на член 43 став 1 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14) Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 14.11.2017 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на член од локаната самоуправа во ОУ во ЈУ „Центар за социјални работи“ Демир Хисар**

1.За член во Управниот одбор во ЈУ „ Центар за социјални работи“ Демир Хисар од локалната самоуправа се именува лицето

-Маја Велевски –факултет за јавна администрација од Демир Хисар

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во *Службен гласник на општина Демир Хисар.*

По еден примерок да се достави до архивата на општината ЈУ “Центар за социјални работи“ Демир Хисар и именуваниот.

Бр.17- 853/12 Совет на општина Демир Хисар
14.11.2017 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на Измени и дополнување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2017 година I (Ребаланс)**

1.Ги објавувам Измените и дополнувањето на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2017 година I (Ребаланс) донесени на третата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 14.11.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-879/2 Општина Демир Хисар**
**17.11.2017година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

36.Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр. 5/2002), член 31 став 1 од Законот за буџетите (Сл. весник на РМ бр.64/2005, 103/2008, 56/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015, 167/2016) и член 28 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Сл. весник на РМ бр. 61/2004, 96/2004,67/2007, 156/2009, 47/2011 и 192/2015), Советот на Општина Демир Хисар на 3 седница одржана на 14.11.2017 година, донесе

**ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ**

**На Општина ДЕМИР ХИСАР за 2017 година**

**1.Општ дел**

Член 1

Буџет на Општина Демир Хисар за 2017 година се состои од:

| | | |
|---|---|---|
| I. ВКУПНИ ПРИХОДИ | 179.207.000 | 151.528.000 |
| Даночни приходи | 17.273.000 | 14.773.000 |
| Неданочни приходи | 5.846.000 | 5.836.000 |
| Капитални приходи | 5.615.000 | 5.965.000 |
| Приходи од дотации | 69.926.000 | 69.995.000 |
| Приходи одТрансфери | 64.033.000 | 38.445.000 |
| Приходи од донации | 16.514.000 | 16.514.000 |
| II. ВКУПНИ РАСХОДИ | 194.389.561 | 163.028.000 |
| Од утврдени намени | 194.259.561 | 162.898.000 |
| Резерви | 130.000 | 130.000 |
| III. ДЕФИЦИТ | -15.182.561 | -11.500.000 |
| IV. ФИНАНСИРАЊЕ | 15.182.561 | 11.500.000 |
| Прилив | 15.182.561 | 11.500.000 |
| Домаш. задолжувања | 15.182.561 | 11.500.000 |
| Странски заеми | 0 | 0 |
| Одлив | 0 | 0 |
| Отплата на главница | 0 | 0 |

Член 2

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи и тоа како што следува:

-------------------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1.Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2017 до 30.09.2017 година III квартал-------1
2. План за развојна програма на Општина Демир Хисар за 2018 година-----------------------------1-3
3.Решение за именување на претседател и 6 членови во Совет за заштита на потрошувачите--3
4.Одлука за формирање на Комисија за еднакви можности за жените и мажите---------------------4
5. Одлука за разрешување на членовите на Советот за млади на општина Демир Хисар----------------5
6. Одлука за формирање на Совет за млади на општина Демир Хисар------------------------------5
7. Решение за разрешување на членови во Управен одбор на ЈЗ „Здравствен дом“ Демир Хисар----6
8.Решение за именување на членови во Управен одбор на ЈЗ „Здравствен дом“ Демир Хисар-----6-7
9. Решение за разрешување на член од локалната самоуправа во Управен одбор во ЈУ „Центар за социјални работи“ Демир Хисар-------------------7
10.Решение за именување на член од локалната самоуправа во Управен одбор во ЈУ „Центар за социјални работи“ Демир Хисар--------------------8
11.Измени и дополнување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2017 година I Ребаланс------------8

**Издава:**
**Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**

**Градоначалник**
**Марјанче Стојановски**

**Компјутерска обработка:**
**Виолета Пајковска**